Center for Research and Policy Making

... policy impact since 2004

United Nations Entity for Gender Equality and the Empowerment of Women

РОДОВО ОДГОВОРНО БУЏЕТИРАЊЕ ЗА ПОЕФИКАСНО ИСКОРИСТУВАЊЕ НА ПАРИТЕ НА ГРАЃАНИТЕ

Пилот анализа на активности од Програмата на општина Свети Николе за социјална заштита

Автори:
Александра Тодевска, Јасмина Трајчева, Дарко Јованчевски

Партнерска организација и лого:
Организација на жени на општина Свети Николе (ОЖО Свети Николе)

Ментори:
Др. **Марија Ристеска**
М-р **Ристе Јуруковски**
М-р **Емил Шурков**

Чувар(к)и на јавно ќесе за родово одговорен буџет е активност која се спроведува во рамките на проектот „Промоција на родово одговорни политики во Југоисточна Европа и Република Молдавија (2013-2016)„ на UN Women финансиран од Австриската развојна агенција и Швајцарската агенција за соработка и развој. Активноста ја спроведува Центарот за истражување и креирање политики Консалтинг – ЦИКП Консалтинг ДОО Скопје и партнерските организации.

РОДОВО ОДГОВОРНО БУЏЕТИРАЊЕ ЗА ПОЕФИКАСНО ИСКОРИСТУВАЊЕ НА ПАРИТЕ НА ГРАЃАНИТЕ

Пилот анализа на активности од Програмата на општина Свети Николе за социјална заштита

Автори:
Александра Тодевска, Јасмина Трајчева, Дарко Јованчевски

Партнерска организација и лого:
Организација на жени на општина Свети Николе (ОЖО Свети Николе)

Ментори:
Др. **Марија Ристеска**
М-р **Ристе Јуруковски**
М-р **Емил Шурков**

"Содржината на оваа публикација е одговорност на ,,Организација на жени на општина Свети Николе (ОЖО Св. Николе) и таа во никој случај не ги одразува ставовите на UN Women, Австриската развојна агенција, Швајцарската агенција за соработка и развој, и ЦИКП Консалтинг ДОО"

Содржина

1. Вовед и клучни наоди ... 3
2. Методологија ... 5
3. Политика за родова рамноправност на Општина Свети Николе ... 6
4. Опис на проблемот и конкретната политика која нуди решенија на истиот ... 7
5. Опфат, корисници, чинители ... 9
6. Буџетска анализа и главни наоди ... 9
7. Заклучок и препораки ... 13
8. Литература ... 15
9. Анекси ... 16

Листа на табели

Табела 1- Буџет на Општина Свети Николе за 2015 година, Програма за социјална заштита 89 ... 10
Табела 2 - Број на вкупно немажени / неженети лица од општина Свети Николе по возраст ... 12

Листа на графици

График 1 - Родова статистика на корисниците од ставките на програмата за социјална заштита – исплатени финансиски средства на лица заболени од малигни заболувања во 2015 г. ... 11
График 2 - Родова статистика на корисници од ставките на Програмата за социјална заштита – исплатени финансиски средства на лица корисници на поддршка за склучување на брак на лица над 40 години 2015г. ... 12
График 3 - Родова статистика на корисници од ставките на Програмата за социјална заштита – исплатени финансиски средства на лица заболени од други заболувања за 2015 г. ... 12
График 4 - Родова статистика на корисниците од ставките на Програмата за социјална заштита – исплатени финансиски средства за еднократна парична помош на невработени лица (самохрани родители, оштета од поплави итн.) за 2015 г. ... 12
График 5 - Родова статистика на корисниците од ставките на програмата за социјална заштита за исплата на МКД по 4 основи ... 13
График 6 - Родова статистика на корисниците од ставките на програмата за социјална заштита за одобрување на лекувања по 4 основи ... 13
График 7 - Состојба на мажи и жени во општина Свети Николе ... 16
График 8 - Број на мажи и жени членови на советот на општината ... 16
График 9 - Бројот на мажи и жени преседатели на урбани и руларни заедници ... 16
График 10 - Даночни обврзници по пол ... 17
График 11 - Вкупен број на вработени мажи и жени ... 17
График 12 - Вкупен број на невработени мажи и жени ... 17
График 13 - Вработени според тип на договор, мерка и пол ... 18
График 14 - Број на мажи и жени корисници на социјална помош ... 18
График 15 - Морталитет во општина Свети Николе ... 18
График 16 - Состојба на заболени мажи и жени од општина Свети Николе од малигни неоплазми ... 19

1. Вовед

Во срцето на Овче Поле, Свети Николе е една од најголемите општини во Македонија со мала густина на населението (38,5 жители на 1km 2) и изразен тренд на внатрешни миграции (осум од селата имаат под 10 жители и две се евидентирани како селски населби, но истите се раселени).

Миграцијата на жените од руралните средини е поизразена отколку таа на мажите што резултира на повеќе села да доживеат целосна женска депопулација. Со **17853 жители процентот на жени и мажи е речиси во сооднос, или 51,6% мажи и 48,4% жени**, каде бројот на жените се зголемува со староста заради подолгиот животен век (види График 1 во прилог). Сепак овој родов баланс не е отсликан и во институциите. Имено податоците за избраните претставници во Советот на општината (11 мажи и 4 жени) покажуваат дека **жените имаат мало влијание врз локаланата политика и одлучувањето**, што се потврдува и од податоците за избраните претседатели во трите урбани и дваесетте рурални месни заедници (една жена избрана за претседател во една рурална месна заедница, наспроти 20 мажи). Ова се должи на родовите стереотипи, култура и традиција што има особено влијание на соодносот меѓу мажите и жените како даночни обврзници во градот (мажи 3411 и жени 811) и даночни обврзници од рурални средини (мажи 1070 и жени 158).

Економската активност на населението е сепак во далеку подобар сооднос. Имено, вкупниот број на вработени во општината се 5820 од кои 3200 вработени се мажи и 2620 вработени се жени, додека невработени жени е 1080 и е помал од вкупниот број на регистрирани невработени мажи – 1712 (види График 11 и График 12). Податоците добиени од Агенцијата за вработување Свети Николе, покажуваат дека процентите на вработени мажи и жени во првите 5 категории (вработени на неопределено време, на определено, на скратено, на неопределено и скратено време и сезонско вработувања) се приближно исти, меѓутоа процентот на мажи во сите е поголем. Процентот на жени е помал во двете категории на земјоделско - сточарска и друга дејност и најмал во категоријата на вклучени во јавни работи, каде е вработена само една жена, а најголем во категоријата упатени на стручно оспособување (види График 13). Оттука произлегува и **балансот во корисници на социјална помош во општината каде 58% се мажи, а 42% се жени**. Оваа анализа ја таргетира токму Програмата на општина Свети Николе за социјална заштита, односно конкретно активностите во однос на жени заболени од малигни заболувања и финансиски средства од општинскиот буџет алоцирани за таа намена.

Според податоци од 2012 година од Интернационалната Агенција за истражувања на ракот[1] Р. Македонија го има високото 17-то место по инциденца од рак на дојка во Европа, но највисоката стапка на смртност од цела Европа, односно, од сите пациенти со дијагностициран рак на дојка 1/3 или дури 36.3% умираат. На ниво на Р. Македонија општина Свети Николе е втора по инциденца, а прва по смртност од малигните заболувања во однос на останатите општини. Според последната

[1]International Agency for Research on Cancer: http://gco.iarc.fr/today/home)

публикација за морталитет во Р. Македонија од 2011 година објавена од Институт за јавно здравје на Р. Македонија (види График 15 во анекс), од 215 починати во општина Свети Николе дури кај 52 односно 25% причина биле малигните заболувања. Според најновите податоци добиени од Центарот за јавно здравје од Велес **во 2015 година во општина Свети Николе има регистрирано 54 мажи и 50 жени ново заболени од различни видови на малигни неоплазми**, кај мажите најчесто е заболувањето на белиот дроб со 21%, а кај 25 жени односно дури 50% од заболувањата припаѓаат на малигна неоплазма на дојка, од нив пак 24 жени или 96% се од градот. Состојбата во однос на ново заболени мажи и жени и за првата половина на 2016 година за жал останува непроменета, па од јануари заклучно со јуни 2016 година се регистрирани 28 мажи и 32 жени ново заболени од малигни неоплазми, додека и овде преовладува неоплазма на дојка регистрирано кај 18 ново заболени жени или кај 57% од регистрираните ново заболени жени.

Проблемот со појава на голем број на малигни заболувања помеѓу населението во Свети Николе е долгогодишен и застрашувачки. Проблемот е условен од недостапност на услуги за рано откривање и особено третирање на ракот, а уште повеќе и поради лошата економска состојба на населението кое не може да си дозволи навремени превентивни прегледи или редовни третмани по детектираното заболување подалеку од градот. Па затоа честопати на граѓаните им е **потребна и поддршка во однос на справување со болеста. Општината ја препознава оваа потреба и има обезбедено средства од буџетот кои се користат за финансиска помош на лица со здравствени проблеми заради лекување**.

Општината меѓутоа се обидува да разреши и други тековни проблеми во општината. Поради малата перспективност, немањето имот на свое име жените од руралните делови на општината полесно се иселуваат оставајќи ги овие делови населени само од мажи. **За склучување на бракови на лица над 40 годишна возраст нема достапни информации колку оваа активност е приоритетна во општината** со оглед на обемот на буџет предвиден и потрошен и за двете горе наведени ставки. Единствениот податок кој е достапен е од пописот во 2002 година (Книга IX) и според овие податоци, во општина Свети Николе има евидентирано 136 немажени/неженети лица на возраст од 40 - 50 години или 1,9% од вкупно евидентираните немажени/неженети лица. Општината предвидела мерка за поддршка на лицата над 40 години кои ќе склопат брак и во буџетот предвидела средства кои се доделуваат на нив.

Оваа анализа прави споредба на ефективноста на трошењето од родов аспект на двете ставки од буџетот на општина Свети Николе.

2. Методологија

Користејќи методолошки пристап на **родово одговорно буџетирање – родова анализа на буџетска ефективност**, Организацијата на жените на општина Свети Николе направи споредбена анализа на родовата статистика на корисници од ставките **на Програмата за социјална заштита – лица заболени од малигни заболувања 2015 година и лица корисници на поддршка за склучување на брак на лица над 40 години**.

За таа цел Организацијата спроведе: (I) деск истражување на сите програми и политики на општина Свети Николе кои се однесуваат на социјалната заштита, како и политиката за родова рамноправност за 2015 година, а се објавени на веб страната на општината и се јавно достапни; како и собирање на секундарни податоци од Локалната Самоуправа, Фондот за здравство Свети Николе, Здравствен Дом Свети Николе, Заводот за јавно здравје Свети Николе и Центар за јавно здравје Велес, како и Државен завод за статистика **(II) теренско истражување** со сите институции (интервјуа, собирање на примарни податоци од трошењето на јавните пари за двете анализирани програми).

3. Политика за родова рамноправност на Општина Свети Николе

Жените и девојките воопшто не уживаат еднаков статус, ниту пристап и контрола над ресурсите како мажите и момчињата. Од тука може да се заклучи дека развој на локалната заедница е невозможен доколку не се создаваат услови за унапредување на општествената, политичката и економската состојба на жените. Родовите разлики помеѓу мажите и жените се општествено конструирани, а не биолошки утврдени. Родовите односи често се нееднакви, но не смее сите родови разлики да се гледаат како негативни. Родовите разлики меѓу мажите и жените се разликуваат зависно од нивната раса, класа, возраст, култура и религија. Иако родовите прашања се универзални, тие треба да се решаваат и разгледуваат во контекст на одредени структури и култури. Пристрасноста на мажите при носењето на одлуки во раководните органи и високите менаџерски позиции се уште е доминантна реалност. Системите за управување и хиерархија кои постојат често ги исклучуваат помалку моќните и спречуваат остварување на визијата за трансформација во која мажите и жените се еднакви во уживањето на слободата, одговорноста и правата. Родовата еднаквост е одговорност на сите граѓани и бара посветеност и ресурси.

Општина Свети Николе ја препознава потребата од стратешки пристап кон надминување на родовиот јаз на локално ниво и промовирање на родовата еднаквост како прашање на социјална правда и човекови права. Во однос на тоа во општина Свети Николе постојат: Политика за родова рамноправност на општина Свети Николе и Програма за работа на Комисијата за родова рамноправност која се донесува секоја година. Според политиките на општината родовата нееднаквост е фундаментална причина за сиромаштија и неправда. Целта на овие политики е да се објаснат и пренесат заложбите на Советот и Градоначалникот во однос на унапредувањето на еднаквите можности и родовата рамноправност во рамки на работата на општина Свети Николе.

Социјалната заштита пак е регулирана со Законот за социјална заштита, кој дефинира систем на мерки, активности и политики за спречување и надминување на основните социјални ризици на кои е изложен граѓанинот во текот на животот. Врз основа на член 22, став 1,

точка 7 од Законот за локална самоуправа и член 6, став 1 од Законот за социјална заштита, Советот на Општина Свети Николе тековно секоја година во декември донесува Програма за активности на општина Свети Николе во областа на социјалната заштита, а со цел намалување на сиромаштијата, социјалната исклученост и поддршка на социјално загрозените лица од општината. Главно средствата од оваа програма се наменети за обезбедување активен однос на Советот на општината кон задоволување на потребите и интересите на граѓаните од областа на социјалната заштита, изнаоѓање форми за згрижување на социјално ранливи групи, изнаоѓање форми за социјализација на маргинализирани групи, подобрување на стандардот на граѓаните, создавање на услови за поквалитетни услуги на децата од предучилишна возраст, осовременување на училишните установи во однос на организацијата на програмските содржини и соодветни кадровски услови за инклузија на деца со посебни потреби. **Активностите на општина Свети Николе во областа на социјалната заштита опфаќаат различни категории на граѓани и генерално се насочени кон поттикнување, поддржување и нивно помагање**. При тоа со оваа програма се опфатени проектот Народна кујна, семејства погодени од несреќи или елементарни непогоди, социјално загрозени семејства, лица-жртви на семејно насилство, лица со посебни потреби, жени заболени од рак на дојка итн.

4. Опис на проблемот и конкретната политика

Според најновите податоци добиени од Центарот за јавно здравје од Велес, **во 2015 година во општина Свети Николе има регистрирано 54 мажи и 50 жени ново заболени од различни видови на малигни неоплазми**. Најчесто заболување кај мажите е на белиот дроб со 21%, а кај 25 жени односно дури 50% од заболувањата припаѓаат на малигна неоплазма на дојка, од нив пак 24 жени или 96% се од градот. **Во првата половина на 2016 година се регистрирани 28 мажи и 32 жени ново заболени од малигни неоплазми**, додека и овде преовладува неоплазма на дојка регистрирано кај 18 ново заболени жени или кај 57% од регистрираните ново заболени жени. Проблемот со појава на малигни заболувања е од сериозни размери и речиси да нема семејство во кое некој или повеќето од членовите не се соочиле со заболување од малигни неоплазми. Сепак нема истражување кое ќе идентификува кои се факторите кои влијаат на појава на болеста во толкав обем во оваа општина што доведува да за причините и факторите кои доведуваат до вака голема инциденца од малигни заболувања се базира на претпоставки и „чаршиски муабети".

Дополнителен проблем секако е ненавременото и превентивно делување и докторски и специјалистички прегледи бидејќи главно сите анализи се прават и дијагностицираат на клиниките во Скопје. Организација на жените на општина Свети Николе во 2010 излобира набавка на мамограф за здравствениот дом во Свети Николе, но истиот честопати е неисправен поради преоптовареност, а постапките за тендери за негова поправка се многу долги, па жените и понатаму мора да одат на прегледи во други градови. Целиот источен регион има само еден специјалист за онкологија и има над 7000 пациенти. Секако тука влијание

има и слабата вработеност на населението, ниските месечни примања како и генерално лошата економска состојба на населението.

Истовремено, заради родовата нерамноправност особено во сопственичките права, жените немаат што да изгубат и се селат од општината барајќи подобри услови и живот во поразвиени општини во земјата, но и во странство. **Настанува женска депопулација на светониколските села што резултира со голем број на мажи постари од 40 години да останата неженети**. Според Државен завод за статистика во 2015 година во општина Свети Николе има 2476 жени на возраст од 40 до 60 години и вкупно 2790 мажи кои се на возраст од 40 до 60 години но колку од нив се немажени / неженети нема достапен податок. **Единствениот достапен податок е од пописот во 2002 година каде вкупно се регистрирани 180 немажени / неженети лица на возраст од 40 до 60 години**, но според вработените во Државен завод за статистика во изминативе 13 години има големи промени во однос на демографските односно миграциските и виталните карактеристики за општина Свети Николе, но за жал не се достапни за овој параметар немажени / неженети.

Овој извештај нуди родово одговорна буџетска анализа за тоа како општина Свети Николе одговара на двата проблема: огромниот број на малигни заболени жени и неженетите мажи од општината. Анализата е фокусирана на мерките за социјална и здравствена заштита во политиките и буџетот на општина Свети Николе за 2015 година или конкретно Програмата за активности на општина Свети Николе во областа на социјалната заштита и Програмата на Комисијата за родова еднаквост со акцент на областите Социјална заштита и Здравство.

Во Програмата на Комисијата за родова еднаквост под областа социјална заштита се ставени мерки, активности и политики насочени кон спречување и надминување на основните социјални ризици на кој е изложен секој човек, за намалување на сиромаштија и социјална исклученост и сопствена заштита. Додека под областа Здравство, Комисијата ќе се залага за подобрување на здравјето кај жените преку преземање на активности за подигање на свеста на жените за постоење на превентивни програми, а посебно залагање за имплементирање на програмите за репродуктивно здравје (бесплатни гинеколошки и мамографски прегледи) за жените на локално ниво. Од програмата за 2015 година за оваа намена се предвидени само 10.000 ден., а за реализација на целата програма на Комисијата за родова еднаквост вкупно 50.000 ден. или тоа е само 0,017% од целокупниот буџет на општина Свети Николе. Во Програмата за активности на Општина Свети Николе во областа на социјалната заштита за 2016 година во наведените активности стои: Давање на финансиска поддршка на жените заболени од рак на дојка, а за истата активност нема предвидено ставка во буџетот за реализирање на оваа активност иако стапката на заболување од рак на дојка во општината е алармантна, а додека за активноста: Поддршка за склучување на бракови на лица над 40 годишна возраст се одобрени 9% од вкупниот буџет од оваа ставка.

Генерален заклучок од направената анализа на овие документи е дека тие се многу општи и не содржат никакви параметри кои ја искажуваат фактичката состојба за потребата од прераспределба на финансиски средства за реализација на

предвидените активности, како и непостоењето на родова анализа за алоцираните средства. Во општинскиот буџет на општина Свети Николе не е инкорпорирана родовата компонента при креирањето на буџетот и нема јасно дефинирани политики за надминување на овој недостаток. Иако од општински пари сепак се исплаќаат средства за поддршка на лицата заболени од малигни заболувања од други ставки од буџетот, целта на овој извештај е да се предвиди точна сума на средства кои ќе бидат наменети за оваа цел и точни услови според кој ќе се исплаќаат средствата.

5. Опфат, корисници, чинители

Како **директни корисници** на програмата на Комисијата за родова еднаквост под областа здравство се јавуваат лицата заболени од малигни заболувања во 2015 година, додека на Програмата за активности на Општина Свети Николе во областа на социјалната заштита, покрај **жени заболени од рак на дојка се опфатени и лица над 40 годишна возраст кои склучиле брак во 2015 година**. Истовремено како засегнати страни ги идентификувавме семејствата на лица заболени од малигни заболувања и семејствата на лица над 40 години кои склучиле брак.

6. Буџетска анализа и главни наоди

Организација на жените на општина Свети Николе имаше за цел да направи родова анализа на средствата кои се алоцираат за активноста Давање на финансиска поддршка на жените заболени од рак на дојка и Поддршка на лица за склучување на брак над 40 годишна возраст од Програмата за социјална заштита на општина Свети Николе. Дополнително, Општина Свети Николе секоја година подготвува Програма за активностите на Општина Свети Николе во областа на социјалната заштита.

Основни цели на оваа Програма се:

- Обезбедување на активен однос на Советот на Општина Свети Николе кон задоволување на потребите и интересите на граѓаните од областа на социјалната заштита,
- Изнаоѓање форми за згрижување на социјално ранливи групи,
- Изнаоѓање на форми за социјализација на маргинализирани групи,
- Подобрување на стандардот на граѓаните,
- Создавање услови за поквалитетни услуги на децата од предучилишна возраст,
- Осовременување на училишните установи во однос на организацијата на програмските содржини и соодветни кадровски услови за инклузија на деца со посебни потреби.

Активностите на Општина Свети Николе во областа на социјалната заштита за 2015 година се насочени кон поттикнување, поддржување и помагање за остварување на целите на оваа Програма и

тоа:

- Продолжување со проектот Народна кујна со проширување на опфатот на корисници
- од руралните средини;
- Помош за семејства погодени од несреќа и елементарни непогоди;
- Помош на социјално загрозени семејства;
- Помош на лица – жртви на семејно насилство;
- Помош на лица со посебни потреби;
- Давање на финансиска поддршка на жените заболени од рак на дојка.

Во донесениот буџет за 2015 година за категорија 46 – Субвенции и трансфери за ставка 464 – Разни трансфери има алоцирано 500.000 ден., додека за категорија 47 – Социјални бенефиции има алоцирано 1.460.000 ден. буџетски средства, а според завршна сметка на буџетот на единицата на локална самоуправа Свети Николе за 2015 година се реализирани 1.116.411 ден.

Табела 1- Буџет на општина свети николе за 2015 година, програма за социјална заштита

Програма Подпрограма Категорија Ставка	О П И С	2013 Завршна сметка	2014 Предходен буџет	Б У Џ Е Т 2015					
				Буџет	Расходи од самофин. активности	Расходи од донации	Расходи од донации	Расходи од кредити	ВКУПНИ РАСХОДИ
V1 ДЕТСКИ ГРАДИНКИ			**30.965.954**	**3.312.000**	**11.079.200**	**18.550.000**	**0**		**32.941.200**
ПРИХОДИ:									
V10 ДЕТСКИ ГРАДИНКИ			30.965.954	3.312.000	11.079.200	18.550.000	0		32.941.200
РАСХОДИ:									
40 ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ		**15.618.232**	**170.000**	**0**	**16.343.000**	**0**	**0**		**16.513.000**
401 Основни плати		11.384.422	170.000	0	11.930.390	0	0		12.100.390
402 Придонеси за социјално осигурување		4.233.810	0	0	4.412.610	0	0		4.412.610
42 СТОКИ И УСЛУГИ		**13.707.722**	**1.182.000**	**10.959.200**	**2.207.000**	**0**	**0**		**14.348.200**
420 Патни и дневни расходи		105.000	0	85.000	0	0	0		85000
421 Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт		3.263.432	15.000	1.220.000	2.127.000	0	0		3.362.000
423 Материјали и ситен инвентар		8.751.000	845.000	8.500.000	0	0	0		9.345.000
424 Поправки и тековно одржување		285.000	0	445.200	0	0	0		445.200
425 Договорни услуги		1.073.290	322.000	500.000	80.000	0	0		902.000
426 Други тековни расходи		230.000	0	209.000	0	0	0		209.000
46 СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ		**450.000**	**500.000**	**0**	**0**	**0**	**0**		**500.000**
464 Разни трансфери		450.000	500.000	0	0	0	0		500.000
47 СОЦИЈАЛНИ БЕНЕФИЦИИ		**1.050.000**	**1.460.000**	**0**	**0**	**0**	**0**		**1.460.000**
471 Социјални надоместоци		1.050.000	1.460.000	0	0	0	0		1.460.000
48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ		**140.000**	**0**	**120.000**	**0**	**0**	**0**		**120.000**
480 Купување на опрема и машини		140.000	0	120.000	0	0	0		120.000

Во Програмата за социјална заштита на општина Свети Николе за 2015 година иако постои активност Давање на финансиска поддршка на жените заболени од рак на дојка сепак во Буџетот не се алоцираат средства за оваа намена додека за активноста Поддршка за склучување на бракови на лица над 40 годишна возраст, во 2015 година, се алоцирани 500.000 ден..

Според податоците добиени од Одделението за финансии при општина Свети Николе сепак се исплаќаат средства за жени и мажи заболени од малигни заболувања но од Категорија 47 – Социјални бенефиции, Ставка – Социјални надоместоци, односно потставка 471110 - Социјална парична помош, програма V1 – Социјална заштита.

Во 2015 година, вкупно исплатени средства од потставка 471110 – Социјална парична помош, за заболени од малигни заболувања се исплатени 95.500 ден. на 24 лица, односно просечна вредност на исплатен износ по лице е 3.979 ден..

Во 2015 година се одобрени 11 барања од мажи за искористување

на средства наменети за лица заболени од малигни заболувања односно 46.500 денариден., додека 13 жени заболени од малигни заболувања искористиле 49.000 денариден. од оваа потставка. Од друга страна **за поддршка на лица за склучување на брак над 40 години во 2015 година се исплатени 180.000 ден. на 6 лица, односно на 6 мажи по 30.000 ден.**, а според завршната сметка на буџетот на единицата на Локална самоуправа Свети Николе за истата година, објавена на веб страната на општина Свети Николе во службен гласник бр. 3 од 2016 година, за оваа намена се исплатени 280.000 ден., но не е наведено колку лица ги искористиле овие средства. Средствата за оваа намена се исплаќаат од категорија 46 – Субвенции и трансфери, односно од ставка 464 – Разни трансфери. Доколку износот од 180.000 ден. кој е исплатен на 6 мажи за склучување на брак над 40 годишна вредност се пренамени за лица заболени од малигни заболувања, во тој случај 45 лица би имале корист од овие средства ако се земе во предвид дека просечната вредност на исплатен износ по лице заболено од малигни заболувања е 3.979 ден.

Но и покрај тоа што не постојат било какви податоци и анализи за реалната потребата и ефективноста од мерката за субвенционирање за склучување на брак на лица над 40 години и очигледната родова нерамнотежа при исплаќање за средства за оваа намена, сепак оваа активност останува да постои во Програмата за социјална заштита и за наредните години. За 2016 година различно е тоа што средствата предвидени за оваа намена се намалени на 300.000 ден., односно за 200.000 ден. помалку од 2015 година.

Иако износот на средства кои се алоцираат за Категорија 47 од Буџетот на општина Свети Николе има тенденција на зголемување, сепак не е јасно во која ставка конкретно се зголемуваат средствата и врз која основа се утврдува дали и колку да се зголеми одредена сума која се алоцира. Во 2014 година средствата кои се алоцирани за категорија 47 - Социјални бенефиции изнесуваат 1.050.000 ден. од кои 1.000.000 ден. се реализирани, во 2015 година за оваа категорија се алоцирани 1.460.000 ден., а 1.116.411 ден. се реализирани додека во 2016 година за категорија 47 – Социјални бенефиции се алоцирани 1.910.000 ден..

График 1 - Родова статистика на корисниците од ставките на програмата за социјална заштита – исплатени Финансиски средства на лица заболени од малигни заболувања во 2015 г.



График 2 - Родова статистика на корисници од ставките на програмата за социјална заштита – исплатени Финансиски средства на лица корисници на поддршка за склучување на брак на лица над 40 години 2015г.



График 3 - родова статистика на корисници од ставките на програмата за социјална заштита – исплатени Финансиски средства на лица заболени од други заболувања за 2015 г.



График 4 - Родова статистика на корисниците од ставките на Програмата за социјална заштита – исплатени финансиски средства за еднократна парична помош на невработени лица (самохрани родители, оштета од поплави итн.) за 2015 г.



График 5 - Родова статистика на корисниците од ставките на програмата за социјална заштита за исплата на МКД по 4 основи

График 6 - родова статистика на корисниците од ставките на програмата за социјална заштита за Одобрување на лекувања по 4 основи



7. Заклучок и препораки

Од направената анализа на буџетот на општина Свети Николе за 2015 година, поконкретно како пилот Програмата на општина Свети Николе за социјална заштита може да се **заклучи** дека:

- **Буџетот на општината е презентиран пред јавноста во линиска форма** иако буџетирање по програми постои, и тоа доведува заинтересираните граѓани со многу потешкотии да направат било каква анализа;
- На барање за слободен пристап до информации граѓаните имаат можност да го добијат програмското буџетирање. Но анализата покажа дека ниту една Програма нема направено родова анализа односно **буџетот по ниту една програма не е родово одговорен**;

- Конкретно во анализираната Програма за социјална заштита Општината **претходно нема направено анализа или истражување во однос на потребите и приоритетите на граѓаните** според кои ќе се издвојуваат средства за надминување на истите. Избраните мерки не го таргетираат изворот на проблемот, причините и факторите кои го создаваат туку овозможуваат времена мерка за негово ублажување и во однос на малигните заболувања и во однос на женската депопулација на светониколските села;
- **Состојбата со малигните заболувања во Свети Николе е евидентна и константна** со ист или зголемен интензитет низ годините па затоа е потребно и самата општина да се вклучи во превентивно делување, а со тоа намалување па и надминување на проблемот. Меѓутоа средствата кои се алоцирани во моментов за поддршка на заболените од разни болести во Св. Николе, а особено од рак се мали во однос на обемот на проблемот;
- Анализата на ефективноста на буџетските алокации во програмата за социјална заштита покажува дека **се трошат многу повеќе средства за лицата над 40 години кои сакаат да склучат брак во однос на лицата заболени од малигни заболувања и други видови заболувања**. На тој начин општината дава приоритет на едниот во однос на другиот проблем иако обемот и важноста не се исти.
- Конечно алокацијата на средства од буџетот на Општина Свети Николе за лицата над 40 години кои сакаат да склучат брак се исклучиво искористени од мажи, додека постои родов баланс во алокацијата на средствата наменети за поддршка на заболени лица од истата програма. На тој начин **со овие мерки и буџетски алокации општината создава родова нееднаквост**.

7.1 Програма за социјална заштита

Од направената анализа како препораки за унапредување на работата на општината, транспарентно трошење на парите на граѓаните и вклученост на родово одговорното буџетирање во секој сегмент од локалниот буџет произлегуваат:

- Ревидирање на Програмата на општина Свети Николе за социјална заштита на основа на направена **родова анализа на потребите и приоритетите на мажите и жените**;
- **Точно дефинирање на активностите во Програмата со временска рамка и план на реализација и потребни средства за нивна реализација**. На пр. да се направи промена во дефинирањето на мерката „Давање на финансиска поддршка на жените заболени од рак на дојка" во „Давање на финансиска поддршка на лица заболени од рак/малигни заболувања" со цел право на користење на овие средства да имаат и мажи и жени бидејќи и мажите и жените се жители на општина Свети Николе и преку плаќањето на даноци сите допринесуваат во општинскиот буџет;

- **Зголемување на средствата за давање на финансиска помош на лица заболени од рак**;
- Да се укине мерката Поддршка на лица за склучување на брак над 40 годишна возраст се додека не се направи истражување за **реалната потреба од оваа мерка и ефектот од истата**;
- Наменување на средства за **утврдување на причините за појава на двата проблема** и програмирање на мерки и средства за нивно надминување;
- Да се дефинираат и постават **јасни критериуми кои ќе бидат основа за доделување на средства** наменети и предвидени за конкретни активности односно категории на граѓани од буџетот на Општина Свети Николе;

7.2 Општина Свети Николе - РОБ

Воведување на **систем за водење на родова статистика на сите корисници на буџетски средства**, која ќе биде јавно достапна на веб страната на локалната самоуправа, за потранспарентно следење на политиките на локално ниво;

- **Зајакнување на капацитетите на локалната самоуправа** кои работат на буџетските програми и на членовите на Комисијата за еднакви можности за воведување на концептот на родово одговорно буџетирање во локалниот буџет и негово следење;
- **Воведување на концептот на родово одговорно буџетирање во Програмата на општина Свети Николе за социјална заштита како пилот проект**;
- **Поголема транспарентност и поголема јасност на Буџетот на општина Свети Николе** за да биде подостапен и читлив за граѓаните. На тој начин ќе се знае колку точно средства има предвидено за конкретната намена и колку за истата реално се потрошени.

8. Литература

ЈЗУ Центар за јавно здравје - Велес – Табели за Утврдени заболувања - состојби според возраст и пол во дејност на општа медицина/дијагнози од малигни неоплазми на ниво на општина и град Свети Николе за 2015 и прва половина на 2016 година;

- Државен завод за статистика на Р. Македонија - Попис 2002 година, Книга IX;
- Институт за јавно здравје на Р. Македонија – Извештај за здравјето на населението во Република Македонија за 2014 година;
- Институт за јавно здравје на Р. Македонија – Морталитет во Република Македонија во 2011 година;
- Општина Свети Николе – Планиран буџет за 2015 година – Службен гласник бр. 17 од 29/12/2014 година;
- Одделение за Локален Економски Развој - Свети Николе – доставени податоци за родова статистика на корисници од ставките на Програмата за социјална заштита за лица заболени од малигни заболувања;

График 7 - состојба на мажи и жени во општина свети николе од 2014 г.



Извор: Државен завод за статистика на Р. Македонија

График 8 - број на мажи и жени членови на советот на општината



Извор: Општина Свети Николе, јули 2016

График 9 - бројот на мажи и жени преседатели на урбани и руларни заедници



Извор: Општина Свети Николе, јули 2016

График 10 - даночни обврзници по пол



Извор: Општина Свети Николе, јули 2016

График 11 - Вкупен број на вработени мажи и жени



Извор: АВРМ Свети Николе

График 12 - вкупен број на невработени мажи и жени



Извор: АВРМ Свети Николе

График 13 - вработени според тип на договор, мерка и пол

Извор: АВРМ Свети Николе

График 14 - Број на мажи и жени корисници на социјална помош



Извор: Општина Свети Николе, јули 2016

График 15 - Морталитет во општина Свети Николе

ОПШТИНИ ПО ЗДРАВСТВЕНИ РЕГИОНИ	ВКУПНО УМРЕНИ ЛИЦА	СУБТОТАЛИ (ГРУПИ НА ЗАБОЛУВАЊА) ПО МКБ-10									
		(C00-D48)	(E00-E90)	(I00-I99)	(J00-J99)	(K00-K93)	(N00-N99)	(P00-P99)	(R00-R99)	(S00-T98)	Останати
РЕСЕН	**210**	**36**	**5**	**136**	**6**	**1**	**3**	**0**	**20**	**3**	**0**
Стапка/100000	1291,9	222,0	30,8	836,6	37,0	6,2	18,5	0,0	123,3	18,5	0,0
Ресен	210	36	5	136	6	1	3	0	20	3	0
Стапка/100000	1294,9	222,0	30,8	838,6	37,0	6,2	18,5	0,0	123,3	18,5	0,0
СВЕТИ НИКОЛЕ	**215**	**52**	**9**	**124**	**4**	**3**	**5**	**0**	**8**	**9**	**1**
Стапка/100000	1038,8	251,2	43,5	599,1	19,3	14,5	24,2	0,0	38,7	43,5	4,8
Свети Николе	182	46	7	108	2	3	4	0	5	6	1
Стапка/100000	1007,8	254,7	38,8	598,0	11,1	16,6	22,1	0,0	27,7	33,2	5,5
Лозово	33	6	2	16	2	0	1	0	3	3	0
Стапка/100000	1251,4	227,5	75,8	606,8	75,8	0,0	37,9	0,0	113,8	113,8	0,0
СКОПЈЕ	**5205**	**1152**	**248**	**2735**	**232**	**116**	**85**	**41**	**335**	**148**	**113**
Стапка/100000	**859,1**	190,1	40,9	451,4	38,3	19,1	14,0	6,8	55,3	24,4	18,6
Аеродром	**572**	160	25	277	20	18	7	5	25	18	17
Стапка/100000											

Извор: Институт за јавно здравје на Р. Македонија, 2011г.

График 16 - Состојба на заболени мажи и жени од општина Свети Николе од малигни неоплазми



График 17 - Број на вкупно немажени / неженети лица од општина Свети Николе по возраст

Табела 5: Вкупно население на Република Македонија според законската брачна состојба, полот и возраста
Table 5: Total population of the Republic of Macedonia according to the legal marital status, sex and age

	Вкупно	Брачна состојба				
		неженет-немажена	женет-мажена	вдовец-вдовица	разведен-разведена	
	Total	Marital status				
		Single	Married	Widowed	Divorced	
Сараj	**24253**	**12508**	**10970**	**723**	**52**	**Saraj**
0-15	7681	7681	-	-	-	0-15
16-19	1761	1741	20	-	-	16-19
20-24	2252	1830	420	-	2	20-24
25-29	2248	809	1425	5	9	25-29
30-34	2086	232	1842	6	6	30-34
35-39	1879	92	1764	17	6	35-39
40-44	1431	42	1362	20	7	40-44
45-49	1210	33	1138	28	11	45-49
50-54	955	18	884	50	3	50-54
55-59	727	4	646	73	4	55-59
60-64	666	6	560	97	3	60-64
65-69	582	9	443	129	1	65-69
70-74	377	4	265	108	-	70-74
75-79	194	2	108	84	-	75-79
80 и повеќе	194	1	89	104	-	80 and over
Непознато	10	4	4	2	-	Unknown
Свети Николе	**18497**	**6893**	**10296**	**1153**	**155**	**Sveti Nikole**
0-15	3620	3620	-	-	-	0-15
16-19	1173	1127	45	-	1	16-19
20-24	1392	1057	330	-	5	20-24
25-29	1272	486	772	2	12	25-29
30-34	1252	232	997	4	19	30-34
35-39	1402	129	1200	14	29	35-39
40-44	1517	80	1384	29	24	40-44
45-49	1454	56	1321	58	19	45-49
50-54	1272	28	1152	76	16	50-54

Извор: Државен завод за статистика на Р. Македонија, Попис 2002 г.